РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 24-тата седница одржана на 03.11.2025 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот број 12-2881/1 од 08.11.2024 година, оформен по пријава со наводи за незаконско извршување на градежни активности на КП бр.----- и бр.----- КО -------, **СЕ ЗАПИРА**.

ДКСК утврди дека, согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување од причина што за конкретниот случај постапиле други надлежни органи.

Предметот со број 12-2881/1 од 08.11.2024 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, на ден 07.11.2024 година, поднесена е пријава која е рачно напишана, со наводи за сомневање за незаконско извршување градежни активности – асфалтирање на приватен имот на КП бр.----- и КП ----- КО --------, по што оформен е предмет број 12-2881/1 од 07.11.2024 година.

Се посочува дека, во населба железничка станица -------, на КП ------- се асфалтирал пат, кој е на приватен имот, додека на КП ----- КО -------, биле поставени бекатон плочки.

Со цел утврдување на фактичката состојба за предметниот случај, ДКСК достави барање за прибирање информации до надлежни институции, а од увидот во прибавената документација ДКСК го констатира следното:

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Од страна на општинскиот градежен инспектор при Општина --------, бил извршен вонреден инспекциски надзор на лице место КП бр.----- и бр.----- КО ---------- и било констатирано:
На посоченото КП бр.----- има само мал дел поставен со асфалт, од пред повеќе години, додека изградба на градба за која е потребно Одобрение за градење, нема. Се посочува дека поставениот асфалт на приватен имот, не е градба согласно член 131 став 1 од Законот за градење.
Додека од увидот на лице место на КП бр.----- од страна на градежниот инспектор било констатирано дека има поставено бекатонски плочки со приближна димензија 50м/4 м, и било констатирано дека на предметната парцела немаат предвидени градежни дејствија.
Исто така, се наведува дека поставените бекатон плочки не се градба согласно член 131 став 1 од Законот за градење.

Од страна на Министерството за внатрешни работи – Сектор за внатрешни работи -------, Одделение за Криминалистичка Полиција, Отсек за Економски Криминалитет добиено е Известување каде е наведено дека во соработка со Основното Јавно Обвинителство ------- преземени се дејствија со цел утврдување на елементи за можно сторено кривично дело, за што од преземените службени дејствија не биле потврдени наводите во барањето и по насоки на ОЈО -------- било изготвено и доставено Известување до ОЈО во ---------.

Врз основа на наведеното ДКСК утврди дека, нема елементи за натамошно постапување по наводите од пријавата, од причина што за конкретниот случај веќе постапиле други надлежни органи и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Заменик претседател**

**м-р Цвета Ристовска**

Изготвил: м-р Ф.О., Советник
Контролирал: м-р К.З., Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., Раководител на сектор
Одобрил: Б.Ц., Член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut